Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-351/4
28-07-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 351/1 од 24.06.2022 година, поднесена од [redacted] Скопје преку адвокат [redacted] од Скопје, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на социјални мрежи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на ден 27.07.2022 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 – 351/1 од 24.06.2022 година, поднесена од [redacted] Скопје преку адвокат [redacted] од Скопје, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 24.06.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на социјални мрежи - Facebook, од страна на [redacted] Скопје преку адвокат [redacted] од Скопје.

Од причина што претставката не содржеше соодветни податоци за лицето против кое е поднесена претставката - адреса на потенцијалниот дискриминатор, на ден 30.06.2022 година, Комисијата согласно член 24, став 1 и член 24, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави барање за доуредување на претставката бр. 08-351/2 до подносителот на претставката. Со барањето, подносителот на претставката беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето да ја доуреди претставката, во насока што ќе ја наведе адресата на потенцијалниот дискриминатор против кого ја поднесува претставката.

Согласно член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Бидејќи подносителот на претставката во предвидениот законски рок не ја доуреди претставката, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација му посочува на подносителот во иднина да ги обезбеди сите потребни податоци за постапување по предметите, кои се задолжителни согласно член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Исто така, доколку во иднина биде обезбедена адресата на потенцијалниот

дискриминатор - релевантна за постапување по претставката, може повторно да поднесе претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Скопје
28.07.2022 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Член на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
[redacted]